**Даниел Сас**

Биографија



Даниел Сас е роден во година.

По дипломирањето во Будимпешта како економист, тој ја започна својата кариера во General Motors Group каде беше на различни менаџерски и финансиски раководни позиции уште од 1994 година во компаниите на Opel во Унгарија и Германија. Од 2002 година работеше во GM Daewoo за Централна и Источна Европа како Управен директор.

Беше назначен за главен директор за финансии на T-Online Hungary Plc. (поранешно Axelero Llc) од 1 јануари 2004 година. Во наредниот период тој се здоби со значително професионално познавање на телекомуникацискиот пазар и раководење со компании. Даниел Сас придонесе кон спиралното навлегување на широкопојасниот Интернет, што претставува една од областите на деловно работење на Групацијата Маѓар Телеком која покажа најдинамичен развој.

Како член на Одборот на директори на Црногорски Телеком, Претседател на Одборот на директори и Претседавач на Менаџмент колегиумот на Црногорски Телеком од 2007 година, тој ја водеше оперативната, организациската и деловната транзиција на Црногорски Телеком. За време на неговиот мандат компанијата воведе IPTV, мобилен интернет, значително го зголеми навлегувањето на широкопојасните услуги во Црна Гора и ја зајакна позицијата на пазарот во сегментот на мобилна телефонија. Тој истовремено ја врши должноста на Претседател на Црногорскиот Совет на странски инвеститори и Потпретседател на Црногорско-унгарскиот деловен совет.

Преведено од Лингва Експерт